**20141785544**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

# У К А З
# ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ ЕВРОПСКАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ „ИЗГРАДБА НА НОВА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПОСТОЈНАТА ДЕЛНИЦА БЕЉАКОВЦЕ - КРИВА ПАЛАНКА - ИСТОЧНИОТ ДЕЛ ОД ЖЕЛЕЗНИЧКАТА ПРУГА НА КОРИДОР VIII, ФАЗА 2“

Се прогласува Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за финансирање на проектот „Изградба на нова и реконструкција на постојната делница Бељаковце - Крива Паланка - источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII, фаза 2“,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 2 декември 2014 година.

Бр. 07 – 4511/1
2 декември 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

# ЗАКОН ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ ЕВРОПСКАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ „ИЗГРАДБА НА НОВА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПОСТОЈНАТА ДЕЛНИЦА БЕЉАКОВЦЕ - КРИВА ПАЛАНКА - ИСТОЧНИОТ ДЕЛ ОД ЖЕЛЕЗНИЧКАТА ПРУГА НА КОРИДОР VIII, ФАЗА 2“

Член 1

Република Македонија се задолжува кај Европската банка за обнова и развој со заем во износ од 145.000.000 евра, наменет за реализација на проектот „Изградба на нова и реконструкција на постојната делница Бељаковце - Крива Паланка - источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII, фаза 2 “.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од член 1 од овој закон, се утврдуваат со Договор за заем за финансирање на проектот „Изградба на нова и реконструкција на постојната делница Бељаковце - Крива Паланка - источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII, фаза 2“, кој ќе се склучи помеѓу Република Македонија и Европската банка за обнова и развој.

Во име на Република Македонија, Договорот за заем од став 1 на овој член ќе го потпише министерот за финансии или од него овластено лице.

Член 3

Рокот за отплата на заемот од член 1 од овој закон е 15 години, со вклучен грејс период од четири години.

Каматната стапка е варијабилна и се состои од шестмесечен ЕУРИБОР зголемен за маргина од 1%.

Република Македонија ќе и плати на Европската банка за обнова и развој еднократна провизија во висина од 1 %.

За износот на неповлечените средства од заемот на Европската банка за обнова и развој ќе и се плаќа провизија во висина од 0,5% од износот на неповлечените средства од заемот на годишно ниво.

Член 4

За реализација на проектот од член 1 од овој закон, Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Македонски Железници" – Скопје ќе склучи Проектен договор со Европската банка за обнова и развој.

Член 5

Проектот ќе го имплементира Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Македонски Железници" - Скопје во соработка со Министерството за транспорт и врски и Министерството за финансии.

Член 6

За средствата од заемот од член 1 на овој закон ќе се склучи Договор за подзаем меѓу Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Македонски Железници" – Скопје, Министерството за финансии и Министерството за транспорт и врски.

Член 7

Република Македонија заемот од член 1 на овој закон, ќе го отплаќа од средствата кои ќе се приберат со отплатата на позајмените средства на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Македонски Железници" – Скопје, согласно Договорот за подзаем од член 6 од овој закон.

Член 8

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".